| | |
|---|---|
| **Неделна Тема** | Со три бои, будно стои |
| **Содржина на денот** | Кажи правилно |
| **Возраст** | 2-3години |
| **Воспитувач** | Валентина Буш-Бошњакоска |
| **Дневни активности** | |
| **Здрави и безбедни навики** | Потсетување на децата за физичкото растојание и начинот на кој се изведува за зачувување на нивното здравје.<br>Потсетување на хигиената на рацете, кога и зошто треба да се мијат. |
| **Активности** | За да ја реализирате активноста потребно е секој родител да подготви слики или предмети кои во своето име го имаат гласот К, на почеток, средина и на крајот.<br>Како вовед со детето изведете вежби за правилно дишење кое ќе биде потребно за правилен изговор на гласот. Исто така можете да правите и други вежби на грлото и устата кои многу допринесуваат за појавување на гласови (на пр. гаргара, имитирање на звукот на тигарот и имитирање на кашлање).<br>Преминете кон презентирање на слика или предмет со гласот К (на пр. кола). Детето треба да го именува предметот со гласот во својата структура за детектирање на неговото отстапување.<br>Кога ќе го детектирате отстапувањето седнете пред огледало со своето дете. Најнапред се поставува основа за правилен изговор на гласот (се местат устата, забите, јазикот пред огледалото-детето да се гледа, како е правилно) и се вежба со повторување на испуштениот глас. При тоа на гласот се додава уште еден глас (на пр. Ки, Ка, Ку). Кога овој дел ќе се совлада, пополека се вклучува повторување на зборот кој го содржи гласот, кој се вежба во различни делови на својата структура (зборот почнува и завршува со гласот или гласот се јавува на средина на зборот). Како што детето напредува, гласот се вежба со учење на песнички, повторување на читани реченици и приказни и пополека се стреми кон тоа да гласот (правилно изговорениот глас) почне да се јавува и во спонтаниот говор.<br>Родители бидете упорни и вежбајте го изговорот на гласовите со своите деца со тоа ќе го поттикнете и оспособите за јасно, точно и слободно изразување и содржајна меѓусебна комуникација. |